РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
БР. 04-449/5
03.01 20 20 ГОД.
Битола

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници, консолидиран текст- („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 147/2014 од 13 април 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 80/2016; У. бр. 74/2014 од 29 јуни 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 127/2016; У. бр. 163/2014 од 27 декември 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 2/2017 и У. бр. 121/2015 од 1 февруари 2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2017, а во врска со Конечната ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидатите со најголем број освоени бодови за работните места 2 и 3 по јавен оглас број 295/2019 година зав.бр.10-1947/9 од 26.12.2019 година донесени од Агенцијата за администрација, директорот на Националната установа Народен театар-Битола на 03.01.2020 година донесе

# О Д Л У К А

За работното место **КУЛ 01 02 Б04 003 – Раководител на одделение за материјално-финансиско работење, Одделение за материјално финансиско работење, Сектор за административни, општи и правни работи** СЕ ИЗБИРА Марија Козарова, Македонец(ка).

За работното место **КУЛ 01 02 Г01 001 - Самостоен референт за административни работи и управување со човечки ресурси, Одделение за административни општи и правни работи и управување со човечки ресурси, Сектор за административни, општи и правни работи** СЕ ИЗБИРА Стеванка Вељановска, Македонец(ка).

Избраните кандидати работниот однос го засноваат на неопределено и полно работно време и ги имаат сите права и обврски од работен однос согласно закон.

Работниот однос се заснова по конечноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Националната установа Народен театар-Битола објави јавен оглас број 295/2019 година за вработување на 3 (три) извршители за работните места: КУЛ 01 02 Г01 005 – Самостоен референт за правни работи, Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси, Сектор за административни, општи и правни работи - (1) еден извршител, КУЛ 01 02 Б04 003 – Раководител на одделение за материјално-финансиско работење, Одделение за материјално финансиско работење, Сектор за административни општи и правни работи - (1) еден извршител и КУЛ 01 02 Г01 001 - Самостоен референт за административни работи и управување со човечки ресурси, Одделение за административни општи и правни работи и управување со

човечки ресурси, Сектор за административни општи и правни работи - (1) еден извршител.

Јавниот оглас беше објавен на веб страната на Агенцијата за администрација. По спроведената постапка и сите фази на селекција, испит, веродостојност и интервју, Комисијата за селекција при вработување достави предлог кандидати за вработување на работните места КУЛ 01 02 Б04 003 – Раководител на одделение за материјално-финансиско работење, Одделение за материјално финансиско работење, Сектор за административни, општи и правни работи на Марија Козарова и КУЛ 01 02 Г01 001 - Самостоен референт за административни работи и управување со човечки ресурси, Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси, Сектор за административни, општи и правни работи на Стеванка Вељановска, како кандидати кои во спроведената постапка ги исполнија условите, се квалификуваа во постапката за избор, освоија потребен број на бодови во сите фази поединечно и заедно и беа предложени за избор за нивно вработување на погоре наведените работни места.

Избраните кандидати Марија Козарова и Стеванка Вељановска работниот однос го засноваат на неопределено и полно работно време и ги имаат сите права и обврски од работен однос согласно закон.

После конечноста на оваа одлука со кандидатите ќе се склучи договор за работа односно решение за работа, решение за висина на платата согласно Законот за административни службеници и ќе бидат пријавени во Агенцијата за вработување.

Заради тоа се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Поука:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, односно до надлежен орган согласно со Законот за административни службеници.

Д-но:

- избраните кандидати Марија Козарова и Стеванка Вељановска
- Агенцијата за администрација

Директор,

Иван Јерчиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР * БИТОЛА

МБ/МБ